Потврдувам дека денес на ___

200__ година ја примив пратката означена на предната страница

| Примач | Потпис | Врачувач |
|---|---|---|
| | | |

Забелешка на врачувачот во случај на неиспорачување

11. II/2011 одм. поштоваиз

12-II-2011 стан затворен

---

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

ОСНОВЕН СУД РЕСЕН
22.02.2011 год.

ЛИЧНО НА РАКА

Наив. Бр. 82/10

.............................. 200..... г.

RESEN 21.02.11-19 7310

ПОШТАРИНА ПЛАТЕНА КАЈ
ПОШТА 7310

CN 15
Refusé / Одбиено
Non réclamé / Не е подигнато
Déménagé / Преселен
Adresse insuffisante / Недоволна адреса
RETOUR / ДА СЕ ВРАТИ

R
RR018437220MK

Да се истакне на огласна табла
судија

ДО
Илија Роданов...
ул. "29 Ноември" 45
Ресен

Истакната на огласна табла
05.05.11

---

# ПОВРАТНИЦА

Наив. бр. 82/10

Ев. ___

Предмет на пратката (назив на актот што се доставува)

Пресуда од 25.01.11

Број на прилозите 1

Предадено на пошта во Ресен

На адреса Илија Роданов...

Во Ресен

(Жиг на поштата)

ДО

ОСНОВЕН СУД
РЕСЕН

Ег. повторно по судски доставувач
24.03.11

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОСНОВНИОТ СУД ВО РЕСЕН, како првостепен парничен суд, судијата Љубица Саламовска, како судија поединец, постапувајќи во правната работа по тужбата на тужителот Друштво со ограничена одговорност за производство и услуги и трговија на големо и мало Андреевски Горан „Агро Био„ Ресен ДООЕЛ, преку полномошник адв.Гоце Башевски од Ресен, против Илија Робановски од Ресен, по основ долг, вредност 3.845,оо ден., по одржаната усна јавна и главна расправа, на ден 25.01.2011 год., во присуство на полномошникот на тужителот адв.Гоце Башевски од Ресен, а во одсуство на тужениот, редно викан, ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

СЕ УВАЖУВА тужбеното барање на тужителот.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Робановски Илија од Ресен, на име вкупен долг на тужителот да му исплати вкупна сума од 3.840,оо ден. по основ неплатена купопродажна цена во рок од 8 дена од приемот на пресудата со ЗЗК од 31.12.2009 год. до 31.01.2010 год., а од 01.02.2010 год. ЗКК во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието, што му претходело на тековното полугодие, зголемена за осум процентни поени, сметано до денот на исплатата.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот да му ги надомести парничните трошоци на тужителот во износ од 10.720,оо ден., во рок од 8 дена од приемот на пресудата.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До овој суд тужителот Друштво со ограничена одговорност за производство услуги и трговија на големо и мало Андреевски Горан "Агро Био" Ресен ДООЕЛ, преку полномошник адв.Гоце Башевски од Ресен, достави тужба против Илија Робановски, по основ долг вредност 3.845,оо ден.

Судот закажа и одржа усна јавна расправа во одсуство на тужениот, редно викан согласно чл.280 ст.2 од ЗПП.

Во тужбата и на расправата полномошникот на тужителот изнесе. Тужителот бил регистриран правен субјект кој се занимавал со продажба на агротехнички препарати за заштита на земјоделски и

овошни насади. Имал деловен простор во Ресен Во деловниот простор како продавач бил вработен одговорното лице кај тужителот Горан Андреевски од с.Дрмени.Помеѓу тужителот и тужениот настанал граѓанско правен однос со оглед да тужениот купил стока од кај тужителот на ден 12.04.2009 год. и стоката му била веднаш дадена од продавачот. Бил постигнат писмен договор помеѓу продавачот и купувачот во кој што бил регулиран начинот на плаќање, односно тужениот требал да ја плати стоката заклучно со 31.12.2009 год. Меѓутоа иако поминал договорениот рок тужениот не го подмирил долгот иако усно бил опоменуван повеќе пати. Тужителот доставил и опомена пред тужба до тужениот на ден 09.11.2010 год., меѓутоа и после овој рок тужениот не го платил долгот.

Во завршен збор полномошникот на тужителот предложи на судот да се уважи тужбеното барање во целост бидејќи од изведените докази се потврди основаноста на истото, а со оглед на фактот да тужениот не достави одговор на тужба сметал дека тужениот го признава тужбеното барање.

Побара трошоци по трошковникот во тужбата плус за застапување на расправата 1.560,оо ден.

На расправата судот ги изведе пре дложените докази, ја прочита опомената пред тужба од 09.11.2010 год., го прочита договорот за купопродажба и деловна техничка соработка, изврши увид во фотокопието од потврдата за прием на пратка и од повратницата за прием на опомената пред тужба, изврши увид во оригиналите од изведените докази, па на основа изведените докази ценејќи ги секој посебно и во меѓусебна заедничка врска согласно чл.8 од ЗПП ја утврди следната фактичка состојба.

Тужителот бил регистриран правен субјект кој се занимавал со продажба на агротехнички препарати за заштита на земјоделски и овошни насади. Имал деловен простор во Ресен Во деловниот простор како продавач бил вработен одговорното лице кај тужителот Горан Андреевски од с.Дрмени. Помеѓу тужителот и тужениот настанал граѓанско правен однос со оглед да тужениот купил стока од кај тужителот на ден 12.04.2009 год. и стоката му била веднаш дадена од продавачот. Бил постигнат писмен договор помеѓу продавачот Горан Андреевски и купувачот - тужениот во кој што бил регулиран начинот на плаќање, односно тужениот требал да ја плати стоката заклучно со 31.12.2009 год. Меѓутоа иако поминал договорениот рок тужениот не го подмирил долгот, иако усно бил опоменуван повеќе пати од тужителот. Тужителот, и писмено го опоменал тужениот, односно доставил и опомена пред тужба до тужениот на ден 09.11.2010 год., меѓутоа и после тоа Тужителот бил регистриран правен субјект кој се занимавал со продажба на агротехнички препарати за заштита на земјоделски и овошни насади. Имал деловен простор во Ресен Во деловниот простор како продавач бил вработен одговорното лице кај тужителот Горан Андреевски од с.Дрмени.Помеѓу тужителот и

туженииот настанал граѓанско правен однос со оглед да туженииот купил стока од кај тужителот на ден 12.04.2009 год. и стоката му била веднаш дадена од продавачот. Бил постигнат писмен договор помеѓу продавачот и купувачот во кој што бил регулиран начинот на плаќање, односно туженииот требал да ја плати стоката заклучно со 31.12.2009 год. Меѓутоа иако поминал договорениот рок туженииот не го подмирил дилгот иако усно бил опоменуван повеќе пати. Тужителот доставил и опомена пред тужба до туженииот на ден 09.11.2010 год., меѓутоа и после овој рок туженииот не го платил долгот туженииот не го платил долгот, заради што тужителот ја поднесол оваа тужба.

Горната фактичка состојба судот ја утврди на основа изведените докази на расправата.

Имено, неспорно е да туженииот Илија купил стока - агротехнички препарати за заштита на земјоделските и овошни насади од продавницата на тужителот. Не е спорно да бил склучен договор помеѓу тужителот и туженииот со кој што туженииот се обврзал да го исплати долгот за купената стока заклучно со 31.12.2009 год. Меѓутоа и покрај тоа што бил усмено опоменуван а му била испратена и писмена опомена пред тужба на 09.11.2010 год. туженииот не го има платено долгот кон тужителот до денес.

Фактот што туженииот не се јави на расправата и што не достави одговор на тужба укажува на тоа да туженииот го признава тужбеното барање.

Согласно чл.504 од ЗОО купувачот е должен да ја плати цената во времето и на местото определено во договорот. Согласно чл.266 од истиот закон должникот кој ќе задоцни со исполнувањето на паричната обврска должува покрај главнината и затезна камата постапката утврдена со закон, согласно одредбите од чл.313 од ЗОО кога должникот паѓа во задоцнување и не ја исполни обврската во рокот определен за исполнување, како што е во конкретниов случај истиот е должен да плаќа камата и на предвидениот долг.

Во конкретниов случај неспорно е да туженииот не го исплатил долгот заради што судот следуваше да донесе одлука како во диспозитивот на оваа пресуда.

Судот го задолжи туженииот да му исплати на тужителот на име трошоци на парничната постапка износ од 10.720,оо ден., а кои што представуваат трошоци и тоа за состав на тужба со паушал 1.300,оо ден., застапување со 30% паушал, 1.560,оо ден., состав на полномошно со паушал 1.300,оо ден., состав на трошковник со 30% паушал 1.300,оо ден., такса за тужба и одлука 960,оо ден. и опомена пред тужба 1.300,оо ден., кои треба да ги плати во рок од 8 дена од приемот на пресудата.

С у д и ј а,
Љубица Саламовска,ср.

ПОУКА: Дозволена е жалба во рок од 8 дена, од приемот, преку овој суд, до Апелационен суд Битола.

Д-НА: На полномошникот на тужителот и на тужениот.